# Г Р А Д  С К О П Ј Е

Врз основа на Програмата на активности од областа на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2019 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.18/18), Градот Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за субвенционирање на граѓаните и на други субјекти на подрачјето на Град Скопје за чистење оџаци за 2019 година**

**1. Опис на Јавниот повик**

1.1. Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Градот Скопје, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на објектите кои не се приклучени на централно греење, пред се, заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки, како и нередовно чистење и одржување на оџаците.

Мерката има цел да постигне краткорочни и некои подолгорочни ефекети:

- Постигнување на подобро согорување;
- Намалување на штетните отпадни гасови;
- Намалување на саѓите;
- Заштита од пожари;
- Намалување на трошоците за затоплување;
- Заштита на животната средина и природата, и
- Подигнување на јавната свест кај граѓаните за потребата за чистење на оџаците.

1.2. На јавниот повик за надоместување на дел од трошоците на граѓаните и други субјекти за чистење на оџаците може да учествуваат физички и правни лица чие живеалиште, односно седиште е на подрачјето на Град Скопје.

1.3. Јавниот повик ќе трае од 01.01.2019 година заклучно со 30.11.2019 година, по принципот„прв дојден прв услужен", односно до реализирање на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Град Скопје за 2019 година.

1.4. Јавниот повик е објавен на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени и електронски медиуми.

**2. Критериуми за учество на Јавниот повик:**

Барателот потребно е да ги исполни следниве критериуми за учество на јавниот повик:

- Да е жител на град Скопје (општините во градот: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел, Сарај), односно објектот на правното лице да биде со адреса на подрачјето на Град Скопје;

- Адресата на реализираното чистење да се совпаѓа со адресата од лична карта на подносителот односно со адресата на седиште на другите субјекти;
- Чистењето на оџакот да е извршено од стручно лице вработено во фирма што е регистрирана со шифра на дејност 81.22 согласно со Националната класификација на дејности, и
- Да поседува оригинал потврда и оригинал фискална сметка за извршено чистење на оџакот.

**3. Начин на пријавување на Јавниот повик**

3.1. Право на учество на овој Јавен повик имаат жителите на град Скопје , како и правните лица кои имаат деловни објекти во општините: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел, Сарај, кои ќе го исчистат оџакот на своето живеалиште или деловен објект на територија Град Скопје кои ќе поднесат барање за искористување на правото за надоместок.

3.2. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека критериумите за учество се исполнети, барателот до Градот Скопје треба да ги достави следните документи:

**- Барање за надоместок (Барањето може да се подигне во архивата на Град Скопје или да се обезбеди од интернет страницата на Градот: www.skopje.gov.mk);**

**- Доказ за жителство во град Скопје: Фотокопија од лична карта или пасош;**

**-Фотокопија од трансакциска сметка / жиро сметка;**

**- Доказ за правен субјект: Тековна состојба не постара од 6 месеци;**

**-Оригинал потврда за реализирано чистење на оџак, потпишана од стручното лице што го исчистило оџакот, и**

**- Оригинал фискална сметка од фирмата регистрирана за дејност чистење на оџаци (шифра 81.22 согласно со Националната класификација на дејности).**

3.3. Потврдата за извршената услуга треба да биде издадена:
- За физички лица на адреса на која што барателот живее, односно истата адреса на живеење што е запишана во личната карта.
- За правни лица на адреса на деловниот објект на правниот субјект за кој се однесува тековната состојба.

3.4. Само едно лице од семејство може да поднесе барање за добивање надоместок.

3.5. Правните лица може да поднесат само едно барање.

3.6. Барањето за искористување на правото за надоместок на дел од трошоците, заедно со потребната документација, треба да го достави во затворен плик до Град Скопје бул.Илинден бр.82, во архивата на Град Скопје, секој работен ден од 08:30 до 15:00 часот.

3.7. На пликот треба да стои: **Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Град Скопје за чистење оџаци за 2019 година**

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1. Градоначалнкот на Град Скопје на предлог на Комисијата носи Решение за усвојување на барањето и исплата на средства во нето износ од 1.000 денари барател кој ги исполнил критериумите од овој јавен повик.

4.2. Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата со Известување го информира барателот дека поднесеното барање не му е усвоено доколку не ги исполнува критериумите од овој јавен повик.

Бр.__________

_____________

С К О П Ј Е